а Дамата

многу важно - никогаш ликот не сум
памет тукy долго сум го анализирала
ткривала дека текстот веќе го знам; Ни
ум барала да го играм овој или тој лик
олку повеќе ми давале толку сум била
екогаш ми било важно да го одиграм ли
тавата, таа да е добра, по што легнувам
ирно спијам;Може и целиот свет да збо
икот да не чини,јас знам дека чинам, за
о сум мислела и сум живеела со ликот
и прочитала ликови што сум ги заса
м ги одиграла...
е ви биде кусо кога сте со Мери. Да
ни, која по долги години се врати на
во 2000 година и во претставата со
на симболика „Будење на пролетта
пролет на сцената пред оваа пролет,
о 1945 година на сцената на Народ-



та Вангели: Ноли ме тангере или Господин кој се симнува по скали, 1998

Нова Македонија 26/27.II 2000, 18931

КЕДОНСКАТА УМЕТНОСТ ВО ЈАПОНИЈА

# Нови зрачења

**Софија ЃУРОВСКА**

Македонија по добивањето на независноста 1991 година е нова држава и на повеќето Ја-
ци не им е многу позната. Кај многумина таа по-
ува асоцијации главно на познатата историска
ност Александар Велики, а од неодамна и на
нот бегалци што таа го прифати за време на вој-
а во Косово. Во областа на уметноста беше при-
кана една изложба на македонски икони во 1967
дина-така пишува Хироаки Фуџии во уводникот во
онскиот каталог за нашата изложба „Зрачења“
о од 7 март до 4 април ќе се одржи во Токио.
ции е претседател на јапонската фондација од
кио, а поставкатa „Зрачења или Нова македонска
вна уметност“ ја подготви Музејот на савреме-
та уметност од Скопје во соработка со оваа ин-
итуција. Автор на концепцијата на изложбата е ку-
осот во МСУ Соња Абаџиева.

### ТОПЛИ ОДБЛЕСОЦИ НА ПРИРОДАТА

Свеченото отворање на ова значајно ликовно
резентирање на македонската уметност во Јапо-
ија е предвидено за 6 март во изложбените сали
а Форумот на јапонската фондација во центарот на
окио. Идниот ден, на 7 март, изложбата „Зрачења-
Нова македонска ликовна уметност“ ќе биде отво-
ена за поширокaта публика. Организирана е со фи-
ансиска помош на Министерството за култура на
епублика Македонија, а претходно таа беше пре-
ентирана пред германската публика во Минхен,
ред југословенската во Белград и пред македон-
ската во Скопје-сите три во истата 1988 година. На
ската излагаат 9 уметници со 20 дела. Тоа се Елиза-
бета Аврамовска, Мирна Арсовска, Искра Дими-
трова, Благоја Маневски, Антони Мазневски, Моника
Мотеска, Станко Павлески, Јован Шумковски и Жа-
нета Вангели.

Тоа се автори кои со своето динамично дејству-
вање во деведесеттите придонесоа за афирмацијата
на македонската ликовна уметност во државата и
во светот-вели авторот на изложбата Соња Абаџи-
ева образлагајќи го својот (дамнешен) избор. Нив-
ните дела: слики, објекти, инсталации, фотографии
и видео-отсликуваат некои аспекти на актуелниот
миг на македонската ликовна сцена. Во нивното
творештво, на различни начини, се вградуваат инди-
видуалните погледи на денешнината и проширува-
њето на рамките на класичните ликовни дисци-
плини, укажувајќи на нивните можни менувања и
збогатувања.

Што се однесува до насловот на изложбата, Аба-
џиева која секогаш има и возбудливи концепти за
изложби и исто толку инспиративни наслови, вели
дека „Зрачење“ претставува метафора на двојно оз-
начените движења-попозитивни и негативни, кои се
распространуваат од полето на духовното до полето
на физичкото. Во основа, вели таа, блескавата
површина на делата едновремено повикува на то-
плите одблесоци на природата и на студениот сјај
на технизицираното време.

### ТЕМИ НА ВРЕМЕТО

Метафората исто така се однесува на политич-
киот, социјалниот, етичкиот, културниот, еколош-
киот и друг контекст на македонскиот уметник, кој
на колективните рефлексии одговара со различно
нијансиран говор на личната реакција и ангажира-
ност на темите на времето. Кај едни автори шокот
на времето се испишува со тешко читлив, длабоко
потиснат ракопис, а кај други со јасно соопштени
претстави на катастрофалните глетки на реалноста.

***● Од 7 март до 4 април во Токио ќе се одржи изложбата „Зрачења-Нова македонска ликовна уметност“ што ја организираат Музејот на современата уметност од Скопје и Јапонската фондација од Токио***

Претседателот на Јапонската фондација во То-
кио Хироаки Фуџии во јапонскиот каталог за изло-
жбата уште ќе додаде дека оваа фондација е вклу-
чена во меѓународните програми за културна раз-
мена на повеќе различни полиња, а една од нив е
претставувањето во Јапонија на истакнати уметно-
сти од далечните земји за кои претходно биле сос-
дадени можности да бидат презентирани таму. – За-
доволни сме што сме коорганизатори со МСУ на
оваа изложба што ја претставува современата умет-
ност на Македонија, поранешната југословенска ре-
публика и на овој поширок приказ на македонската
современа уметност кај нас. Јапонската фондација,
според него, одиграла голема улога во претставува-
њето на јапонската современа уметност во светот
преку учество на меѓународните уметнички манифе-
стации како што се биеналата во Венеција и во Сао
Паоло. Што се однесува до реализацијата на излож-
бава, тој ги појаснува околности под кои таа наста-
нала. – Идејата за поттикнување на соработката
меѓу нашите две земји датира од 1996 година кога
Соња Абаџиева, куратор на изложбата и раководи-
тел на изложбеното одделение во МСУ престоју-
ваше во Јапонија како стипендист на Јапонската
фондација-вели тој, додавајќи дека оваа изложба е
реализација на таа идеја и Фондацијата како коорга-
низатор изразува задоволство што врските негувани
во рамките на една од нејзините програми го истра-
сирале патот на ова природно надоврзување на
нови проекти врз претходните.

